## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 128-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Андреј Жерновски, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хусеини Хусеинџеват, Мендух Тачи, Славица Становска, Јани Макрадули, Есад Рахиќ и Рафет Муминовиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со осмата точка - Предлог на изборен законик.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Застанавме кај вториот амандман.

Господинот Мавровски не е тука, господинот Трендафилов не е тука, господинот Оровчанец не е тука, господинот Томиќ не е тука и господинот Караџоски не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Бидејќи има 36 пратеници дојдени, иако е пролет, нема снег и нема ништо надвор што може да не спречи да дојдеме на седница.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 11,32 часот.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Објавувам 10 минути кворум.

Ги молам пратениците да седнат за службите да го утврдат бројот.

Благодарам.

Сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 52 пратеници гласале, 4 гласале за, нема воздржани, и 48 против.

Констатирам дека Собранието амандманот не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драги Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда. Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи исто таков сличен амандман е прифатен од Законодавно-правната комисија и е усогласен со став 2 од овој член.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојановски, повелете, имате збор.

**Блаже Стојановски:** Почитуван претседателе на Собрание, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Со цел да ве запознам за што станува збор, ќе ве упатам на членот 19, а истовремено на членот 2 од овој закон, каде што се дефинира поимот член на изборен орган.

Во член 2 став 1 точка 4 предлагачот како член на изборен орган ги дефинира претседателот, членовите и нивните заменици кои сочинуваат изборни органи и ги спроведуваат изборните дејствија.

Во членот 19, кој што е предмет на измена со овој амандман, ние предлагаме да се усогласи со дефиницијата член на изборен орган односно она што е наведено претседателот и членовите на изборните органи својата функција ја извршуваат и т.н., да стои само членовите на изборните органи, затоа што претседателот, еве и ќе дефинирам, како член на изборниот орган.

Она што е направено на Законодавно-правната комисија јас не знам што е прифатено од страна на Владата како амандман, тоа требаше да го достави до сите пратеници и да можеме да го видиме колку е усогласено со останатите одредби од овој закон. Меѓутоа, независно од тоа и да се работи за истиот амандман за кој што ние разговараме и да е усогласен текстот на законот со тој амандман, се поставува едно прашање. Зошто тоа се направи дури на Законодавно-правната комисија, зошто тоа не е при една сериозна подготовка на овој закон, при едни толку долги преговори, кои што беа помеѓу Владата на Република Македонија и одредени политички партии и средби на претседателите на политичките партии и на тој начин да се дефинира што е тоа членови на изборен орган, што се изборните органи и каква е функцијата на претседателот на изборниот орган. Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека претседателот на изборниот орган е многу важен дел од функционирањето на изборните органи и има пресудно влијание само доколку се работи за концепт за партиско учество односно партиски

изборни органи. Тогаш, имаме членови на избирачките одбори, на пример, двајца од позиција, двајца од опозиција и претседателот на избирачкиот одбор е важниот фактор, член, глас кој што одлучува и раководи со функционирањето на избирачкиот одбор. Сега, како што се предлага, јас ја сфаќам Владата дека се нашла во една небрана ситуација, а тоа е, од една страна да прифаќа модел кој што вели дека е чекор кон професионализација и исклучување на партиските влијанија во изборните органи, каде што претседателот не е ништо повеќе, освен еден од членовите на изборните органи избран од страна на државната администрација заедно со останатите членови  на изборните органи избрани од јавната администрација. Во овој случај, со влегувањето или внесувањето во избирачките одбори на претставници на политичките партии, дефинитивно овој концепт стана напуштен и сега требало да се направи нешто што не е ниту, како што вели народот, ниту вода, ниту киселина или ниту риба, ниту девојка. Затоа што, ако веќе се прифаќа концептот на партиско учество, изградба на доверба во изборните органи преку учество на политичките партии кои се учесници во изборниот процес, тогаш единствен начин е да се изгради доверба со учество на политичките партии кои учествуваат и претседателот да биде избран на начин кој што ќе биде неспорен за учесниците во изборниот процес.

Во оваа ситуација, каква што е сега, ние имаме двајца членови во избирачките одбори кои што се претставници на владеачките партии и претставници на, еден претставник на владејачките и еден претставник на опозиционите партии, а од друга страна имаме тројца членови на државната администрација односно еден на државната, претседателот и двајца на јавната администрација членови и навистина во ваква ситуација ниту ДПМНЕ може да се пофали дека може да има доверба во изборните органи, освен на овој начин да покаже дека му дава пас на власта да спроведе избори онака како што тие сакаат, ниту пак власта е незадоволна од ова , затоа што наеднаш паднаа во вода сите аргументи кои што се однесуваа на партизираноста на јавната и на државната администрација, кои што сега ги слушавме, наеднаш такви проблеми сега нема. Зошто? Затоа што имаме членови тројца и тоа: претседателот и двајца членови кои што се од таа "партизирана" државна и јавна администрација.

Она што значеше изградба на доверба со учество на политичките партии во изборните органи, го нема, затоа што тие не се одлучувачки фактор во извршувањето на функциите.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, дали знаете за кој амандман зборувате?

**Блаже Стојановски:** Претседателе, дали вие знаете за кој амандман јас зборувам?

**Љупчо Јордановски:** Јас знам и затоа ве прашувам вас, затоа што вие треба да зборувате за амандманот на член 19 став 1, каде што пишува дека претседателот се брише. Објаснете ми го тоа, а немојте да зборувате за доверби или недоверби, ве молам.

**Блаже Стојановски:** Зошто да се брише претседателот е образложено со неговата позиција во избирачкиот одбор. Ние не можеме на друг начин да го образложиме нашиот предлог да се брише претседателот и да се прифати првичниот концепт на Владата, кој што претседателот го ставаше како дел од вкупниот број на членови на изборниот орган и затоа јас морам да ве упатам на тоа дека членовите на изборниот орган, структурата на изборниот орган е фактор од кој што зависи дали претседателот ќе биде издвоен вака како што е во предлогот на закон или пак нема да постои. Затоа што, ако нема да постои посебно издвоен од останатите членови на изборниот орган, тогаш изборниот орган ќе се смета дека е професионален изборен орган или изборен орган избран од страна на државната и јавната администрација, без партиско учество.

Проблемот настана со дилот кој што се направи тука, со кој што се напушти основниот концепт препорачан и од страна на Меѓународната заедница и кој што беше протежиран и од страна на стручната јавност во Република Македонија, од страна на најголем дел од политичките партии во Република Македонија и тоа значеше директно остварување на потребата за фер и демократски избори во подолг временски период за Република Македонија.

Значи, кога зборува за структурата на изборниот орган, зборувам за претседателот како потреба да стои или да не стои во овој член. Затоа ќе ве замолам да ме оставите да ја доаргументирам мојата позиција во контекст на овој амандман.

Она што е сега усогласено, како што вели Владата, преку Законодавно-правната комисија со прифаќањето на корекција од овој тип односно со тоа што претседателот не би стоел во овој член или пак би стоел како посебен дел од членовите на изборните органи ставен во членот 2 од овој закон, јас сметам дека не претставува ништо друго, туку признание дека овој закон не е заснован на никаков концепт. Зошто е тоа така? Затоа што, ние зборуваме за два закони, она што го кажав претходно и сега се наоѓаме во една ситуација за секој амандман да аргументираме на начин за кој што треба да се зборува еден добар дел во контенст на концептот за професионализација или непартиски деполитизирани изборни органи и еден друг дел во кој што треба да зборуваме за концептот на партиски политизирани изборни органи, за кои што имавме оценка од страна на ОБСЕ за локалните избори, од страна на сите структури кои што значеа лоша оценка за спроведени избори.

Ние како држава, како Република Македонија рековме дека она што се случи на локалните избори нема да се повтори, а еден фактор во случувањата, секако дека беше и структурата на изборните органи. Ако партиската структура, партизираноста на овие органи беше фактор за полнење на кутии и создавање на проблеми, тогаш она што требаше да се направи е да се деполитизираат, департизираат изборните органи. Начинот на кој што тоа можеше да се направи не е непознат и тоа го имаме во сите развиени земји, каде што демократијата има малку подолг стаж од оној кој што го има во Република Македонија.

Затоа, кога зборуваме за овој закон, јас сакам да зборувам за закон кој што значи департиски.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, ние не зборуваме сега за закон, ние зборуваме за амандман.

**Блаже Стојановски:** Овој амандман е дел од концептот за непартиски и неполитизирани избори.

**Љупчо Јордановски:** Не зборуваме за концепт, концептот е направен, а колку сте задоволни или незадоволни, зборувајте за амандманот. Вие зборувате за член 117 околу составот на избирачките одбори каде што концептот е нарушен. Кога ќе дојде тој член, а има амандман, тогаш зборувајте за тоа.

Сега ве молам не зборувајте за законот, да ја враќаме расправата на почетокот, како општа расправа. Јас во принцип немам ништо против, но ве молам барем деловнички држете се. зборуваме за член 19, за претседател кој треба да се избрише. Не можете да ме убедете колку да сте вични во вашето говорење, не можете да ме убедите дека вие зборувате за вашиот амандман. Убедете ги пратениците да го прифатат овој ваш амандман.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, кога зборуваме за овој амандман или за сите други амандмани поединечно.

**Љупчо Јордановски:** Ќе дојдат и другите амандмани.

**Блаже Стојаноски:** Не се работи некој да одзема време со ова образложение кое го даваме. Истиот овој амандман го имаме и во членот 20.

Јас сакам овде да истакнам дека со овој амандман, кој што го предлагаме дефинитивно се враќаме на основниот концепт за професионална, департизирана и непартиска администрација, ако можам така да кажам, или изборни органи.

Ако се прифати овој амандман, тоа значи ова. Ако не се прифати јас навистина, го поставувам прашањето што значи тоа. Дали тоа значи партиски изборни органи. Дали тоа значи партиски органи. Тогаш треба да почнеме да зборуваме за членот 192, каде зборуваме за структурата на изборните органи. Значи, зборуваме за концепт. Не можеме да го издвоиме овој амандман од целиот концепт кој што треба да биде прифатен, или не прифатен од овој Закон. Тука е проблемот. Затоа не можеме со вас да се разбереме. Тука не може и Владата сама со себе да расчисти.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски ако се прифати овој амандман, јас не гледам дека концептот ќе биде сменет, бидејќи концептот е дефиниран во 197-от член, како што вие сами велите. Затоа ве молам, бидете коректни. По Деловникот ние ќе зборуваме колку што треба да се убедиме, но сега немојте концептот да го мешате, ако имате сосема друг амандман. Зборувајте по амандманот. Концептот е во членот 197.

**Блаже Стојаноски:** Очигледно дека не можете да ме разберете, меѓутоа, факт е едно. Со ова што го зборувам и она што го предлагам, тој што е надлежен за оваа проблематика може да ме разбере, затоа што факт е дека структурата на изборните органи, доколку бидат двајца членови од позиција и двајца од опозиција, тогаш претседателот треба да остане. Ако бидат сите четири членови од државната јавна администрација,тогаш нема потреба претседателот да стои. Тоа ќе биде дел од изборниот орган затоа што тој ќе биде дел од државната администрација. Јас морам да зборувам за концептот. Како на друг начин да го образложам овој амандман. Објаснете ми.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е вашето гледање на концептот. И тоа е вашето барање. Тоа го имате во членот 197, амандман имате во вашето барање.

**Блаже Стојаноски:** Тоа е за структурата.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е за концептот. Администрација или партиски членови внатре.

**Блаже Стојаноски:** Нема да должам. Јас кажав дека не сакам да зборувам тука да го одземам времето на пратениците, или да ве заморувам вас да ме слушате. Но сакам да биде јасно за сите оние кои ја следат расправата по овој изборен законик, затоа што нашите амандмани сите, вклучувајќи го и овој амандман, се дел од еден концепт, кој што значи непартиски и професионални државни органи, со тоа што санкциите за непочитување на изборното законодавство, требаше да бидат регулирани со кривичниот закон, Законот за државни службеници, итн.

Меѓутоа, факт е тоа дека овој концепт се напушти, а не целосно. Ако не е целосно тогаш нема концепт. Нема меѓусебна поврзаност на одредбите. Затоа ние имаме проблем во комуникацијата.

Да не должам многу, на крајот само ќе го кажам ова: бришењето на претседателот, или ставањето на претседателот во основните одредби, ќе значи признание на Владата, кој концепт го прифаќа. И она што претставува амандман на Законодавно-правнат Комисија, кој што е прифатен од страна на Владата, ќе ми даде за право за сите наредни амандмани, каде што се нарушува овој концепт, ве потсетувам за

тоа каков концепт имате прифатено во овој Закон. И дали носиме два закона, или носиме еден закон. Дали носиме закони за сите избори во иднина, или носиме закон само за првите наредни парламентарни избори. И тоа закон кој што нема никаква блага логика во однос на концептот за партиска гаранција, за независноста во постапувањето на изборните органи. Се друго значи само со еден член од стана на ВМРО ДПМНЕ одкритие на сите неправилности на овие избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате реплика, или збор?

**Зоран Томиќ:** Реплика.

**Љупчо Јордановски:** Имате три минути.

**Зоран Томиќ:** Со сето уважување на ова што го кажав господинот Стојаноски, лично сметам дека по усвојувањето на амандманот 3 на Законодавно-праната комисија, овој амандман предложен од група пратеници, навистина е без предметен. Еве зошто: ако внимателно се види членот 2 од предлогот на изборниот законик, точка 4, што се подразбира под член на изборен орган, јасно станува збор, дека тоа се претседателот, членовите и нивните заменици, кои ги сочинуваат изборните органи и ги спроведуваат изборните дејства.

Лично сметам дека текстот што е понуден и амандманот што е прифатен од Законодавно-правната комисија, во целост ја содржи и основната идеа што групата предлагачи ја предлагаат со амандманот.

Имено, членот 19 став 1сега гласи: "Претседателот и членовите на изборните органи својата функција ја извршуваат непристрасно, совесно и одговорно, во согласност со надлежностите утврдени во овој законик". Овде е направен еден вешт компромис, така да и во членот 2 точка 4 и во амандманот 3, кој е прифатен од Законодавно-правната Комисија, каде што се додаваат зоборовите: "Претседателот и членовите" во целлост се остварува функцијата , како што е предвидена, и каква што треба да биде. Навистина сметам дека овој амандман колагата во името на групата предлагачи би го повлекол, затоа што сега имаме јасно прецизирање на сето она што законодавецот го замислил, а тоа е во изборните органи, значи спаѓаат и претседателот и членовите на изборните органи. Сето она што излегуваше надвор од амандманот, што вие претседателе се обидовте на неколку пати да му укажете, спаѓа во ред на политички маркетинг и затоа овој амандман е неприфатлив. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута имате господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Значи Владата случајно го напишала членот 2 во предлог законот кој што го добивме. Имаме претседател и членови на избирачкиот одбор. Сега Владата вели повторно да имаме претседател и членови, со тоа што претседателот не е одвоен од членовите. Прифаќа концепт за посебни членови и посебно претседател. А посебни членови ги третира еден член од ВМРО ДПМЕНЕ, еден член од СДСМ, и двајца членови од јавната администрација. Кој е тој концепт, кажете ми. Зборуваме за непартиски изборен орган, или зборуваме за изборен орган кој што треба да спроведе избори на начин како што тој сака, или како што ќе добие инструкции, без никој да носи никаква одговорност. А зборуваме цело време дека треба политичките партии да покажат добра волја, добра основа да се направи изборниот закон и да се направи вистинско санкционирање за прекршителите на изборните закони, за што разговараме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кондарко барате збор или реплика.

Три минути реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Господине Стојаноски вие во вашата дискусија споменавте дека овие законски решенија се разултат на дил помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ. Дали господине Стојаноски ќе беше дил ако законот му се допаднеше на ВМРО Народна партија и ако се согласеше со законот на средбата помеѓу сите парламентарни политички партии. Дали за вас ќе беше дил, ако сите релевантни политички партии во Република Македонија седнат на маса и постигнат компромис во интерес на Република Македонија или во интерес на елиминирање на секакви сомнежи од не фер избори. Односно, во интерес на релаксирање на предизборната атмосфера. Тоа што само ВМРО Народна пратија е повредена и сега тера маркетинг и политика, а всушност, доби со ова решение 50% од отворањата, како и стие останати, како и СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, не може да биде дил. Тоа господине Стојаноски претставува чекор напред во демократијата во Република Македонија, во легитимниот политички дијалог меѓу партиите за прашања кои се од интерес за Република Македонија и тоа е чекор напред кон подигање на довербата и соработката помеѓу политичките партии за клучни прашања, од интерес за иднината на Република Македонија. Затоа, немојте оркестрирано да манипулирате и да обвинувате за некој дил. Ако беше обратно, тогаш некој друг од опозицијата ВМРО ДПМНЕ ќе обвинеше дека СДСМ е во коалиција со ВМРО Народна. Затоа вашите несогласувања, немојте да ги препишувате на власта и не може премиерот да ви биде медијатор меѓу ДПМНЕ и Народна, за да ве седне на маса да се договорите. Тоа не е наш проблем.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ќе ви кажам три поенти. Првата поента е компромис се прави за концепт, а не компромис со најголем пазар кој што значи напуштање на сите европски препораки кои што ги добивме. Ова не е европски закон како што велите, туку е ова чисто балкански закон.

Понатаму, зборувате за релаксирање на изборната атмосфера. Дали ќе ја релаксирате изборната атмосфера, со тоа што ДПМНЕ ќе ви признае да ги спроведите овие избори онака како што вие сакате, или се работи за нешто подлабоко, за еден подлабок дил помеѓу вас, ДУИ и ДПМНЕ. И уште една работа која што е многу важна, а која што треба да ја сфатите. Ако беше обратно, значи, ако не се направеше овој дил, ќе мораше да се прифати овој концепт. Концепт за избор на Државната изборна комисија само за правилник за ждребување, за второстепеност на одлучување, за сите оние работи што значи непартиска државна изборна администрација или изборни органи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле имате збор.

**Слободан Чашуле:** Ценети колешки и колеги на овој амандман можеме да направиме договор и да покажеме дека Парламентот е местото каде што се прават договори, а не кафаните, па макар бил и Клубот на пратениците. Тоа е она што не тера да говориме за секој амандман. Да го вратиме политичкиот систем на Македонија, затоа што тука му е местото и од овде не треба да излегува.

Овој амандман е добра прилика да го изгласаме сите заедно и на тој начин да не направите и нас сопственици на овој закон, кој сакаме да биде навистина европски закон и да седнете овие сугиестии на нашите умни правници да ги прифатите, бидејќи држат. Овде чувме дека бил вешт компромис. Направите вешти компромиси, но ќе излезе невешт закон. Правете партизација на изборните власти и ќе имаме партизирана држава. Што е тоа толку скапоцено во тој дил, или се плашите како што рече Кондарко да не бидете во коалиција со ВМРО Народна, па не сакате овој амандман да го прифатите.

Господа, се договоривме со Декларација што сите усвоивме. Ние со овој амандман сакаме неја да ја поддржиме, дека единствен дил во Република Македонија е Европската унија. И ако е така, кога ви го поддржавме првичниот концепт, ние се носевме со товар дека сме во коалиција со вас. Сега кога ве тераме да се вратите на него, да се вратите на Венецијанската комисија, да се вратите на Декларацијата за опсотјување во Европската унија да прифатите едноставен амандман, вие доаѓате на амандманот за тоа членот, претседателот на одборот да се изедначи со сите членови, онака како што го предлагаме, т.е. да се избрише, за да го вратиме назад на вистинскиот изобрен текст на законот, а тој изобрен текст ви го прифативме и нас не обвинија дека сме во коалиција со вас, а не вас со нас. Зошто, бидејќи бевме државници, па решивме на оваа држава еднаш да и дадеме шанса да направи професионални изборни органи. Професионалните изборни органи се прават со ваков амандман, кој бараме овде вие, инсистирам, барам од вас да докажете дека немате сопартии дилови, туку во Македонија дил е да го усвоите.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислев дека амандманот за состав на избирачките одбори, тоа е клучниот амандман, концептот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да пристапиме кон гласање.

Благодарам.

Затворен е претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Пред да влезе опозицијата имаше 61 пратеник присутни, 54 гласале, 7 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Јас би ја замолил опозицијата, не мора да присуствувате внатре бидејќи самиот текст на амандманот е толку долг, што има време да се влезе. Само ви препорачувам дека насловот на амандманите е долг и јас треба да го читам една минута, има време полека да влезете, а не да се истрчувате.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2 , поднесен од пратениците Љубчо Балковки, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Да повторам за претставникот на Владата, тоа е амандман на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2.

Дали преставникот на Владата го прифаќа или го одбива овој амандман?

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

Господине Стојановски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе,

Јас се надевам дека нема да ме прекинувате сега, зошто овој амандман се однесува на начинот на избор на сите изборни органи, освен на Државната изборна комисија. Затоа е исклучително важен од повеќе причини.

Првата причина е што Државната изборна комисија, согласно Предлогот на изборниот законик, се избира по Предлог на Комисијата за прашања на избори и именувања, со 61 глас од ова Собрание, добива надлежност, според овој закон, со правилник, значи со нејзин акт, да го определи начинот на избор на општинските изборни комисии и на членовите на избирачките одбори кои се дел од државната и јавната администрација.

Тој правилник, согласно Предлогот на Владата, нема никакви елементи што треба да ги содржи, туку тоа е целосно препуштено на Државната

изборна комисија и таа, јас сум убеден во тоа, тоа ќе го направи на начин на кој што нема да има таа проблеми, а од друга страна, колку тоа ќе биде независно направено и колку тоа ќе значи, она што го зборувам постојано, изградба на доверба во начинот на избори во структурата на изборните органи, тоа е прашање во кое што се сомневам дека ќе биде во целост и задоволително направено.

Е сега, за да биде појасно за што станува збор, ние велиме дека Парламентот е тој кој треба да го уреди начинот на вршењето на случаен избор на членовите на избирачкиот одбор од редовите на државната и јавнаа администрација и членовите на општинските изборни комисии. Тоа не е материја што може да се препушти на Државната изборна комисија. Изборот на составот на изборните органи е нешто што се регулира со закон, а не се остава начинот на регулирање што е од суштинско значење кога се работи за случаен избор, да биде препуштен на Државната изборна комисија  во која што, на ваков начин избрана, јас не знам кој би можел да има доверба, освен владеачкото мнозинство што со 61 глас ќе ја избере во овој Парламент.

Затоа, би сакал да ве потсетам што е она што треба да го сработи Државната изборна комисија после нејзиното формирање, а во оној период што останува до реализацијата на изборите, за да ја сработи работата на именување на избирачки одбори.

Имено, таа после конституирањето, ако може така да каже, треба да донесе правилник и во тој правилник треба да утврди како ќе ја врши лотаријата. Како ќе го врши случајниот избор. ќе ве потсетам дека во овој Предлог на изборен законик имате одредби што се однесуваат на учество на жените во изборните органи со застапеност од 30%. Ќе ве потсетам дека во избирачките одбори, согласно овој законик што го предлага Владата, имате, покрај членови на државната и јавната администрација и членови кои се предложени од страна на политичките партии во власта и политичките партии во опозицијата. Ќе ве потсетам дека во овој законик е предвидена соодветна застапеност на етничките заедници што не се мнозинство во Република Македонија  во изборните органи.

Овие работи што ги кажав треба да бидат предмет на реализација преку случаен избор, ждребување или лотарија. Како сакате наречете го тоа.

Како тоа би се извело, ајде да размислиме сите ние тука како Парламент, затоа што истото тоа треба да го оставиме на Државната изборна комисија  која што не се знае која ќе биде и кога ќе биде формирана.

Значи, прво што треба да направиме, треба да видиме од кои лица треба да биде тој случаен избор извршен. Тоа значи треба да се направат списоци на вработени, на државни службеници тоа значи од списокот на Агенцијата за државни службеници околу 12 илјади луѓе, потоа списокот од јавната администрација како што се нарекува кај нас, иако тој термин не ми е многу прифатлив, која што брои околу 100 илјади лица, а што претставува претежно вработени во образованието, здравството, културата итн. Од целиот тој број на лица треба понатаму да се почитуваат оние одредби што се однесуваат на застапеноста на жените.

Значи, прво, од сите тие треба да направиме посебен список од државната администрација што ќе претставува список по полова припадност. Еден список за жени, еден список за мажи.

Меѓутоа, имаме друг проблем. Кога ќе ги направиме тие два списоци, машки и женски, имаме проблем во застапеноста на етничките заедници. Од женскиот список треба да направиме уште два списоци еден за етнички заедници кои не се мнозинство во Република Македонија  и еден припадници на останатиот дел од граѓаните на Република Македонија.

Одиме понатаму, другиот дел машкиот список, таму треба да се направи исто, два списоци. Еден за етничките заедници, еден за македонците и другите, односно другите, не знам кои се. Од тие списоци понатаму треба да се реализира ждребување. Дали тоа ќе биде со некакви топчиња, дали ќе биде некакво влечење, кој тоа, комисија, дали Министерството за финансии, согласно неговите надлежности за спроведување на лотарија ќе ја пушти неговата Комисија при реализација на лотарија или ќе треба да се формира некоја друга комисија, околу која што не знам кој ќе има доверба, па еден дел од опозицијата дали има барано да има нејзино учество во таа комисија при ждребувањето и од сето тоа треба да произлезе состав на изборните органи што ќе биде и ќе значи почитување на условите, постапката и критериумите предвидени со изборниот законик на Република Македонија.

А, ова, сето, како треба да се направи, што треба да се направи, Министрството за правда, односно Владата на Република Македонија  вели - тоа нека го решава Државната изборна комисија. Ние, немаме време сега да се занимаваме со тоа прашање, затоа што ако го отвориме и тоа прашање може пак да ни излезат проблеми со господата од опозицијата и на тој начин ќе отвориме нови прашања околу кои треба да се прават многу нови вешти компромиси. За да не се случи тоа ние ќе оставиме тоа да го направи Државната изборна комисија  која што ќе донесе правилник.

Е сега, а зошто, би се прашал јас, зошто во овој закон не стои одредба во која што, пред вршењето на случајниот изор, никој од државната и јавна администрација да не може да се откаже од учество во ждребувањето? Дали можноста - откажување од ждребување, и понатаму она што вчера го разговаравме, можноста да се откаже од вршење на должност член на изборен орган заради семејни причини итн., ќе значи креирање на состав на избирачките одбори  баш и токму по

мерка на власта? Сето тоа, се разбира, покриено и со согласноста на господинот Груевски. Меѓутоа, не и со наше, затоа што на тој начин не се гради доверба во изборните органи.

Многу ме интересира како тоа ќе изгледа и многу ме интересира на кој начин ќе биде третирана територијата на Република Македонија. Дали во Република Македонија ќе имаме различни ждребувања по општини? Дали ждребувањето ќе биде од редот на сите по местото на живеалиште, само, во една иста општина да можат истите тие лица да ја вршат функцијата или да работат како членови на изборен орган. Дали етничките заедници, што се мнозинство, да речеме во Тетотов или Гостивар или не знам каде на други места, во некои други општини, дали на овој начин имаат обезбедено гаранција дека само од списокот на етничките заедници ќе биде изборот на државната и јавна администрација? Ако е така, се поставува прашањето како ќе се гарантира дека и македонците, вработени во државната и јавна администрација, ќе бидат членови на изборните органи на овие места, во овие општини? Нема гаранција. Сето ова е оставено да го решава Државната изборна комисија.

И, сето ова треба да значи доверба од страна на сите учесници во изборниот процес, во избирачките одбори, во општинските изборни комисии и во Државната изборна комисија.

Амандманот што го предлагам се однесува на несериозниот пристап на Владата при предлагањето на овој закон, од причини што во овој закон не се решени овие прашања. Значи, имаме празнина што треба да биде пополнета со некаков правилник.

Понатаму, што ако со тој правилник се напрви нешто што е во директна спротивност со основните принципи на изборниот законик или на целите што треба да бидат постигнати во контекст на реализација на фер и демократски избори? Дали тоа значи дека тој кој е незадоволен од тој правилник ќе треба да поднесува иницијатива за оценување на уставноста на правилникот на Државната изборна комисија? Имате децидно во Извештајот од ОДХР за локалните избори - Пропуст во законодавството во Република Македонија е во тоа што упатствата, препораките, актите на Државната изборна комисија не подлежат на контрола, нема начин како да бидат контролирани од страна, пред се зборувам на Врховниот суд, како највисок суски орган или евентуално во некоја забрзана постапка од Уставниот суд, како исто така една институција што треба да води сметка за уставноста на општите акти во оваа држава. Нема решение.

Ако зборуваме за евроспки закон, господине Кондарко европските закони не оставаат вакви празни простори. Ако зборуваме за сериозна опозиција, сериозната опозиција ги критикува овие работи и предлага решенија што ќе значат подобар закон. Ако зборуваме за спроведување на фер и демократски избори што се еден од основните услови и за патот кон НАТО и за Европска унија, јас не можам да не изразам сомнеж во реализацијата на такви избори на ваков начин, со вакво решение.

Што предлагаме? Бидејќи преку амандманска интервенција беше многу тешко да се решат сите овие прашања, ние не можевме со повеќе амандмани да ви понудиме решение за ждребувањето. Меѓутоа, понудивме можност, со посебен закон, што ќе го регулира само ова прашање, само начинот н а ждребување, лотаријата, или како сакате, именувањето на општинските изборни комисии и членовите на изборните органи, да биде направено на начин што ќе биде прифатлив за сите парламентарни партии и да биде прифатлив за Парламентот на Република Македонија, преку кои се изразува интересите на сите граѓани на Република Македонија, бидејќи е ова институција. Се друго е нешто што е комисија, што е политичка партија, што е друго, не е институција.

Друга работа, кога зборуваме за застапеноста, и за етничката и за половата, во изборните органи, јас ќе ве прашам на која политичка партија ќе и дадете обврска и за кои избирачки места ќе и дадете обврска да предложи жени, да предложи припадници на етничките заедници? Дали, ако предлага ДПА еден член, нема да може да предложи ДУИ? Или обратно? Или, ако предложи ДУИ жена во избирачкиот одбор тогаш ДПА не мора да предлага жена или обратно, ако предложи ДПА жена, тогаш ДУИ не мора да предлага жена во избирачкиот одбор? Или пак, политичките партии ќе бидат ослободени од оваа обврска и таа обврска ќе се остави само на барабаните од лотаријата, контролирани од комисијата од Министерството за финансии?

Ако ова за вас претставува решение што е прифатливо, ако овој амандман и сето ова што го искажав претходно за вас не претставува доволен аргумент за да го прифатите, да се поработи на оваа тема и да се решат сите овие прашања што навистина ќе направат големи проблеми во подготовката на реализацијата на парламентарните избори, пред се, тоа дефинитивно ќе значи дека немате сериозен пристап и немате вистинска волја за реазлизација на фер и демократски избори околу кои ќе нема дилеми, во поглед на довербата што треба да се изгради во овој период во изборните органи што треба да ги спроведат тие избори.

И дури тогаш, ќе повторам уште еднаш, дури тогаш ќе ме убедите дека полначите на кутии нема да ги замените со бројачи на гласачките ливчиња што ќе ги прават онака како што имат интерес одредени политички партии, а што ги видовме и за време на претседателските избори 2004 година и за време на локалните избори 2005 година. Многу е лесно да се лажира волјата на народот, меѓутоа многу е тешко кога народот ќе види дека тоа е така, кога ќе преземе мерки за враќање на вистинската доверба во институциите

на системот, а тоа се прави само на демократски начин на избори.

Ние сме тука да им го овозможиме тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодаам господине Стојаноски, еве не ве прекинав, иако не научив и не дознав како тоа можело со закон да се реши, сите ваши дилеми, бидејќи на крајот на краиштата законот го гласа мнозинството во Парламентот. А дилемите може да останат и тогаш.

(Дофрлање од место).

Не, нема да коментирам, јас не прекинувам.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

Извинете, има реплика.

За реплика се јави госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Иваноска:** Благодарама претседателе,

Почитуван колега Стојаноски, вам ќе ви реплицирам бидејќи неколку пати го спомнавте учеството на жените во избирачките одбори.

Само ќе ве потсетам на дел од Извештајот на ОБСЕ за последните локални избори, каде што беа консттирани нерегуларности во поедини избирачки места, избирачки одбори, каде што пак, во посебен дел во Извештајот на ОБСЕ беше потенцирано дека во избирачките одбори, во кои што учествувале жени, немало нерегуларности во изборите. Значи, жените во избирачките одбори најодговорно ја вршеле својата функција во избирачкиот процес.

Затоа, контекстот во кој што ги спомнувате жените со учество во избирачките одбори, како дел од ова законско решение како малцински пристап е навистина некоректно. Зтоа што учеството на жените е во делот на рамноправноста на половите а не во делот на малцински пристап, како малцинство со учество во избирачките одбори. Овој дел од Извештајот на ОБСЕ е за респект а не за еден пристап каков што го имавте вие во својата дискусија, дека како една обврска, меѓутоа, тоа значи и одлуки на политичките партии, што е во делот на политиката, а другото е во делот на изборот од администрацијата.

Така што својата одговорност према Република Македонија, пред се, што ја имале жените во изборниот процес и ова решение од законот се навистина за респект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Па, вака.

Вие велите дека Државната изборна комисија треба со ждрепка да избере најмалку 30% жени во избирачките одбори. Како? Имате членови од политичките партии кои треба да бидат предложени. Имате членови од државната и јавната администрација кои треба да бидат избрани по пат на лотарија. Како тоа ќе се реализира? Дали на политичките партии ќе им дадете простор да не предлагаат жени а за да се обезбеди учеството од 30%, ќе обезбедите во ждребувањето посебен список од кој ќе се врши ждребувањет? Тоа значи директна полова сегрегација во однос на списоците што треба да се прават. Значи, треба да има учество на жени, максимално. А, тоа да биде направено по случаен избор, на независен нажин и да нема тука можности за манипулација околу учеството на жените.

Значи, се согласувам со препораките на ОБСЕ и затоа го предлагам ова.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Јас мислам дека колегата Блаже Стојаноски искажа толку дилеми, а гледам дека од страна на позицијата се реплицира само за еден фрагмент од сето тоа што беше искажано тука.

Ова е еден од клучните амандмани со кои мислам дека Министерството за правда мораше да се сложи доколку сакаме да бидеме она кон што сите тежнееме, да бидеме дел од Европската Унија. На тој начин ние не постигнавме ништо, затоа што она што ќе значи Државната изборна комисија и нејзиниот избор каде ќе кршиме многу копја се додека разбереме кој е опозиција, кој е позиција, кој дел од опозицијата може да предлага, кој дел од позицијата ќе гласа или нема да гласа. Мислам дека ќе се потроши многу сила и енергија, а во основа доколку тоа се решава со закон, ние тука ќе имаме една чиста ситуација за што сега нема да говориме. ВМРО-Народна партија работи на тој закон. Ако Министерството за правда покажува некаков интерес, тој закон може да биде даден на увид и едноставно оние многуте закони кои овој Парламент ги донесе, тоа мораме сите да го признаеме, со кои кажуваме дека се движиме кон ЕУ и се дел од патот кој треба да го изминеме, посебно во правдата и судството, тоа е, барем за мене, еден од најважните закони.

Ќе потсетам уште еднаш. Овој изборен законик го носиме заради една причина, рековме уште при првата фаза при донесувањето на овој закон дека сите заедно ќе се залагаме да донесеме нешто што понатаму ќе остане да биде една европска ориентација на Република Македонија и колку што можеме со помали интервенции да се случуваат понатамошните збиднувања во однос на изборите и сите да се надеваме, не со законик, туку со волјата на политиките партии, сите инциденти кои се случувале во изборните процеси, да бидат сведени на нула. Тоа нема да се случи, дефинитивно, затоа што, како што кажа мојот почитуван колега, со вешти компромиси се постигнува само компромис кој компромис на крајот може да испадне многу невешт или да биде трагичен, како што се случувало многу пати до сега. Значи тој компромис не секогаш води кон она што значи успех. Од еден компромис можат да бидат задоволни две страни, но да останат 22 страни незадоволни и со тоај незнам кој е компромисот и за кој го носиме законот, дали за политичките партии или за граѓаните на

Република Македонија. Јас и понатаму, како народен претставник сум убеден дека овие закони треба да ги носиме за граѓаните на Република Македонија.

Што всушност се нуди со овој амандман. Во членот 19, по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: "Членовите на изборните органи и нивните заменици се избираат врз основа на критериуми и во постапка за избор, кои се утврдуваат со посебен закон". Зошто го говориме сето ова? Затоа што членот 21 кој кажува за принципот на соодветна и правична полова застапеност во изборните органи, во став 1 вели: "При изборот на членовите на Државната изборна комисија се применува принципот на соодветна и правична застапеност". Став 2 вели: "При изборот на членовите на општинските изборни комисии и избирачките одбори во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните, припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници". Став 3 вели: "Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%". Став 4 вели: "За спроведување на ставовите 1, 2 и 3 од овој член Државната изборна комисија донесува упатство".

Сега ако кажавме дека Државната изборна комисија, ќе кјршиме многу копја каков ќе биде нејзиниот состав и дали воопшто ќе се согласиме тука и да ја донесеме таа Државната изборна комисија, или ќе одиме на ова што е сега во моментот, ќе дојдеме во ситуација таа Комисија, со едно упатство да го регулира сето ова. Но, што се регулира? Добро кажа колешката, 50% да бидат жени. Тоа ќе биде во ред ако има закон и да се каже изборниот орган ќе има, доколку имаме тројца членови од тоа што се државни службеници, од нив двајца ќе бидат од припадниците на народностгите, еден член ќе биде од полот кој ќе треба да биде застапен со 30% и останати сегменти или делови што треба да бидат застапени со овој закон и законски да знаеме што всушност бараме. Можеби не на овие избори, но, верувајте ми дека на следните избори ќе се појават и партии кои ќе имаат и сексуална различност и тие истие ќе побараат со свои листи да учествуваат на овие избори. Тоа се случува секаде во Европа. Не знам како тие ќе го задоволат правото понатаму, како што кажувате да има вакви или такви, 20%, 30%, да бараат секакви права и правила и да бидат во право затоа што и Европската унија ги штити нивните права, тогаш дали сега треба ние да размислуваме, пошто носиме изборен законик, кој што треба да важи за години на ред, и за многу избори кој што следуваат. Мислам дека тоа не го постигнавме, апсолутно. Упатството, какво ќе биде такво ќе биде, ние гледаме дека многу закони кои што ги донесовме и кажуваме дека се донесени, но во оние последни општи одредби се кажува дека законот ќе важи од кога ќе се донесат подзаконските акти и за тие подзаконски акти си даваме време од три месеци, 6 месеци, 1 година, но за жал некој подзаконски акти и после три годни не се донесени и тие закони Парламентот ги донел и тие се извадени во Службен весник, но сега ги толкува секој како што сака, затоа што не е направено она што е основно, тоа се подзаконските акти на кој што се повикуваме.

Сега, ние тука ќе направиме Државната изборна комисија, таа Државната изборна комисија треба да се формира во рок од негде 20 дена.После тие 20 дена таа Државната изборна комисија треба, незнам кој е рокот, месец дена вели, две недели, една недела, зависно од способностите што ги има, да ги направи овие упатства и критериуми па сите тие да бидат поделени, да бидат запознаени, она што го говоревме и вчера во однос на едукацијата, добивање на потврди и како тие изборни органи ќе функционираат, за што не најдовме начин. И понатаму во целиот текст на Законот стои дека со само еден компромис направивме рушење,незнам, можеби 70 члена и сега ако цел труд на Министерството за правда, на Комисијата што работела, на сите што функционирале, заради еден единствен компромис да бидат задоволни две политички партии, руши концепт, руши закон, не се говори ниту за она што значи коалиција, ниту она што ќе значи понатаму компромис и добар дил, или вешти договори и компромиси кои некој ги направил. Нема таква ситуација затоа што со упатствата не ќе можеме апсолутно ништо да добиеме, затоа што, верувајте ми после првото упатство тоа ќе биде дадено на Уставен суд. Уставниот суд додека го гледа сето тоа, додека даде повратен одговор и ако тој одговор е позитивен, што ќе се случи тогаш, изборната постапка ќе биде во ред, веќе ќе биде започната, вие ќе изберете изборни органи, добивате решение дека тоа не е уставно. Што ќе се случи тогаш? Ќе имаме нерегуларни избори? Уште во старт, наместо европски ќе добиеме не балкански, туку избори какви никогаш до сега не сме имале. Зошто? Затоа што тука неможеме да најдеме начин, тоа што сите го говориме, тоа што сите го бараме и сите, на крајот на краиштата го посакуваме, значи регуларност, правичност се добива со еден закон. Тој закон ќе го гласате повторно вие затоа што мнозинството со 61 глас секогаш може да донесе закон и апсолутно не е никаков проблем. Но да се слушнеме конечно позицијата и опозицијата, бидејќи тоа мислам дека така и го започнавме, за жал ќе заврши многу поинаку, значи со сите предлози, дел од тие предлози беа прифатени, се прифати концепција по која ќе се движиме и кажуваме дека се тоа ќе биде професионално и на крајот се откажуваме заради еден единствен компромис. Сега доаѓаме во ситуација, закон нема, Државната изборна комисија, не знам кои ќе бидат тие луѓе, ќе треба да донесат правилник и тие ќе бидат одговорните за комплетната постапка за изборниот процес во Република Македонија. Ако можете такво право да им дадете на тие, колку се таму, 7 луѓе, тогаш зошто сме ние тука. Што е функцијата на Парламентот,

јас не разбрав. Ако овој закон е донесен ако сме го гледале, ако седум дена сме расправале за првата фаза, ако се дадени многу предлози и тие предлози ги прафтивте и донесовте еден изборен законик и после тоа со еден компромис, заттоа што некој немало да дојде, или немало да гласа, ние стигнавме во ситуација преку ноќ сето тоа да падне во вода. И сега треба да биде обвинета една политичка партија дека прави политички маркетинг. Нема апсолутно ништо затоа што она што го предлагавме не одеше во корист на ВМРО-Народна партија. Тоа беше во корист на Република Македонија и на граѓаните, за едни фер и демократски избори, ништо повеќе од тоа. Сега, овие решенија што ги нудиме со овие амандмани, повторно се во тој правец. Заборавете ја ВМРО-Народна парртија, тука сме Парламент. Дајте да смогнеме сила ова да го направиме. Што и на кого ќе му смета овој законик ако го донесеме, како ќе се избираат избирачките одбори. Апсолутно на никој од нас тука нема да му смета, претпоставувам. Не знам, можеби некој упатствата сега веќе ги има напишано и утре ќе треба само да ги потврди и од тие упатства на некого ќе му се крева косата на глава, ако ја има, ако не пак незнам што ќе се случи. Мислам дека тука е проблемот. Дајте да бидеме чесни  и да кажеме, ако тие упатства се направени, дајте да ги видиме сега, да знаеме за што се работи. Вака е тотална конфузија. Дали ќе бидат 30% жени, па 20% од националностите, па ќе дојде да се бираат избирачки одбори во Тетово, во Гостивар, па не ќе знаеме дали се тоа 80%, па 20%, па дали нема да има ни еден македонец. Мислам дека тоа е сериозна проблематика која ние треба да ја дефинираме и од овој Парламент да произлезе закон по кој секој утре може да го бара своето право. Тоа упатство, како што стоеше до сега, може, или и така поминавме сто закони. Може и или и ништо од сето тоа и на крајот си продолжува така како што се. Сега, ако е така, значи ние и до сега сме имале избори, можеме и овие избори да ги направиме по законот кој бил претходно, па бидејќи гледам дека немаме сила, немаме ни храброст, тогаш да оставиме наредниот Парламент да си донесе еден нов закон, а волја гледам дека нема воопшто, други проблеми ги мачат пратениците, немаат концентрација ни да дослушаат за ова што зборуваме.

Колешке, и нашето право ќе си го бараме, ако сме 30%.

Би сакал да продолжам уште малку со дискусијата. Колешке, и вие сте вклучени во овој закон и мислам дека ќе дојде членот 64 и ќе расправаме по него. Тоа е само еден дел од она што треба да се случи со него. Значи, очекувам и ваша поддршка затоа што законикот ќе ги дефинира сите ситуации кои може да се случат, и предвидени и непредвидени. Се друго е илузија. Мислам дека упатствата апсолутно нема да не доведат никаде. Знаевме како функционираше претходната Државната изборна комисија и многу пред нив, уште во стартот се јавуваат сомнежите, кој е на власт тој го избира претседателот. Сега сакаме да дадеме нешто ново но повторно политички и не она што е професионално, што еднаш засекогаш треба да го дефинираме. Има уште многу работи кои со овој закон ќе се решаваат. Мислам дека тоа ќе дојде и во наредните членови и наредните амандмани што ги предложивме како пратеничка група.

Јас уште еднаш ќе повикам дека овој амандман, Министерството за правда мора да го прифати и што побрзо да се седне, еве ние можеме да понудиме помош затоа што веќе е работено на тој закон. Ако Министерството за правда има сенс, сака да ја заврши работата  на она што сакаат сите во Парламентот, се надевам, тогаш стоиме на располагање и се надевам во оваа долга расправа, во овие, сигурно десетина дена дека има време и тој законик да се разгледува на седница и уште пред прогласувањето на изборите да имаме чиста ситуација. Вака тоа не не води никаде, ќе застанеме на патот кон ЕУ, таму каде што сме, значи не подалеку од Балканот и тоа ќе претставува голем проблем. Затоа господа да имаме малку слух за она што ги мачи граѓаните на Република Македонија, да излеземе пред нив корректни дека тоа што го носиме е за сите граќани и дека секој граѓанин има право да знае за што и како се работи. Ние години наназад неможеме да се прилагодиме на она што знаи гледање на избирачкиот список и се случ    ува токму на денот на гласањето да ги има тие гужви по општините, а вие упатството да го донесете десет или петнаесет дена пред избори, ќе биде катастрофа, не само што нема да поминат едукација, како што се кажува, нема да ви бидат потребни ни уверенија, ниту дипломи, уште помалку знаење и граѓаните ќе ги доведеме во една хаотична ситуација, никој да не знае што ќе се случува понатаму. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Најдовски.

Три минути реплика за пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иваноа:** Благодарам претседателе,

Со внимание ја слушав дискусијата на колегата Мавровски и му реплицирам во делот што се однесува на учеството на жените во изборните органи.

Во завршетокот на својот говор истакна дека тоа што го носиме, а се однесува на изборниот законик, се однесува за сите граѓани. Една од причините заради која пристапивме ко н измени и дополнувања во односно кон донесување на изборен законик, се препораките на ОБСЕ, а една од препораките е учество на жените во изборните органи. Страшна е пораката до женскиот електорат кој денес овде господинот Мавровски ја искажа од оваа говорница и ги поистовети жените со маргинална група. Жените не се маргинална група, туку тие се маргинализирани од општеството, заради предрасудите, стереотипите кои и премногу владеат на овие наши простори. Затоа, се додека

со овие стереотипи и предрасуди не расчистиме, ќе се расправаме овде дали жените се маргинална или маргинализирана група. Сметам дека машкиот дел односно нашите колеги од спротивниот пол треба постојано да бидат со нас и да не поддржуваат во оваа борба, затоа што ако сакаме да го демократизираме општеството, ако сакаме да го развиваме, ако се стремиме кон Европа, треба да ги користиме капацитетите на сите подеднакво, како на мажите така и на жените.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Една минута контра реплика за господинот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Колешке Ивановска вас особено ве почитувам, а сите колешки во овој Парламент, така да апсолутно ништо немам против жените и не кажав ништо во мојот говор. Слободно можете да ги земете стенографските белеашки од она што го говорев, само кажав за членот 21 став 3 "Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%" и ништо повеќе. Тоа е овој закон што е пред вас и пред мене. Јас не го кажувам тоа. Го кажувате вие и законодавецот. Значи апсолутно тука немаме никакво неразбирање, а во однос на маегинална група и јас се чуствувам маргиналана група, Како опозиција чуствувам дека на маргините секогаш стоите. Се предлагаат факти, аргументи и никој не ги прифаќа. Како да се чувствувам јас во овој Парламент не знам. Значи не тргнавум во таа ситуација за полова припадност, туку тргнувам од нешто друго, за кое што говорев и кое што утре, другиден ќе мора да го прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете три минути реплика за господинот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Колега Мавровски вие навистина секогаш сте инспиративен во своите говори и затоа јас сакам да полемизирам со вас во дел од вашата дискусија. Ве слушав внимателно и вас и претходните дискутанти и се создава една фама дека од прифаќањето на овие амандмани, или претходните зависи нашиот пат кон Европската Унија. Меѓутоа тука јас мислам дека и довербата на граѓаните за тој пат е јасно искажана и нема дилема во тоа. Од доброто зависи и нашиот пат во Европската Унија, самото прифаќање на еден или два-три амандмани.

Прецизно говорите дека законите, како и овој закон се носат за граѓаните. Јас од вашата дискусија, бидејќи сега и мене ме убедувате да го поддржам овој амандман не почувствував дека тоа е така, бидејќи вие говорите за одреден дил во втората фаза помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ од една страна, а во првата фаза имавме обратна ситуација каде што вие го поддржавте изборниот законик, а тоа значи ли дека вие во првата фаза сте имале некаков дил со СДСМ. Значи, не треба да се гледаат така работите. Би сакал да ми одговорите дали првата фаза била обратна од оваа што е сега. Благодарам.

(пратеникот Марија Којзеклиска реагира од место-има многу обратни работи)

**Слободан Најдовски:** Ве молам без уфрлување.

Една минута за контра реплика на господинот Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** И покрај тоа што господинот Анастасоски кажува дека внимателно слушал, очигледно или не слушал, или не разбрал.

Значи, ВМРО-Народна партија во овој Парламент, не во Клубот на пратеници излагаше и кажуваше аргументи. Ние се држиме уште на тие аргументи, кои што во првата фаза ги прифатија сите, цела стручна јавност и ОВСЕ и граѓаните, затоа што носат во една професионализација. Сега не знам каде вие не го гледате граѓаните. Треба да знаеете и за вашата партија и за сите останати понови партии дека зад вас стојат граѓани. Значи, ако еден дил е добар за две политички партии тоа не значи дека е добар за граѓаните на Република Македонија.

Токму тоа сакам да го кажам и токму за тоа се залагаме на оваа седница и затоа се предложени овие амандмани. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Јас се придружувам кон сите сите мои колеги кои му реплицираат на колегата Мавровски. Неговите говори се навистина инспиративни. Лично сметам дека со понудениот амандман се предлага една многу интересна тема, а тоа е за начинот на избор, постапките и критериумите. Во образложението на амандманот стои дека е исклучително важно прашање кое не смее да се дезавуира со правилник, туку со посебен закон. Тоа е амандманот.

Внимателно читајќи го изборниот законик доаѓаме до неспорна констатација дека идејата на предлагачот е всушност јакнење на независноста на професионалната улога на државната изборна комисија и на општинските изборни комисии.

Ако го имаме тоа предвид, ако имаме хиерархија помеѓу ДИК и помеѓу останатите органи, пред се општинската изборна комисија тогаш не можеме да прифатиме предложената алтернатива со посебен закон да се уредат таквите односи, бидејќи ја маргинализираме и ДИК, меѓутоа и се доведуваме во една ситуација на неверување на самите органи за кои се залагаме да ги подигнеме на едно многу повисоко професионално ниво.

Од тој аспект сметам дека Предлогот содржан во законот е сосема исправен да со подзаконски акт се регулираат ваквите права и односи , тоа е едно, и второ имам навистина едно чувство дека доколку не беше предложен оној амандман на Владата воопшто дискусиите по овој изборен законик за кој сите оценивме, ако сакате и Венецијанската комисија даде позитивно мислење и зелено светло на истото дека станува збор за извонредно обработена материја. Се разбира не постои идеален закон, но сите се стремиме тој да го направиме. Од тие причини навистина не можам да го поддржам предложениот амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Една минута контра реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам за репликата господине Томиќ, но очигледно дека не се согласуваме.

Ова што го кажувате дека јакнењето на ДИК и нивното дејство заедно со изборните органи треба да биде нивно независно, јас тука апсолутно не се мешам во работата на ДИК, но треба да правила на игра. Правилата на игра ние не ги воспоставивме. Оставаме ДИК да ги донесе правилата на игра. Според тоа ДИК го маргинализира Парламентот на овој начин како што вие предлагавте и предлага Министерството за правда, сега јас ќе ве прашам дали може Деловникот на Собранието да биде поголем од Уставот на Република Македонија. Ако можете тоа да ми го кажете, затоа што ние сме како парламентарна демократија тогаш јас ќе се согласам со вас, но на овој начин апсолутно не. Правилата на игра секаде стојат, или се во Уставот или се уредени со закон. Тука нема никаква можност за некој креативно да работи на тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани дами и господа, почитувани господа од правничката каста, да не кажам високо правосвештенство, затоа што работите како што се движат таква смисла добиваат и работите. Ние овде си зборуваме, си лаеме, ова е веќе осми амандман и ако работите т.е. се познаваат по утрото најверојатно дека и сето она што понатаму ќе тече во врска со овој закон и овие амандмани нема да заврши најславно. Многу жалам за напорот кој го вложиле и го вложуваме и ќе го вложуваме и понатаму заеднички да донесеме господа од Министерството еден правен акт, кој ќе има долг временски период на траење. Не да биде библија, но да биде акт кој ќе држи низа на години, а не да се менува од избори на избори. Дали е тоа македонски синдром незнам, но дека во Парламентот се случуваат такви работи сите ги гледаме, носиме закони, па ги менуваме, едни ни ги турка Уставната комисија. Значи многу чудни и интересни предлози произлегуваат од високо почитуваните министри од сите провинции и министерства, а не само од вашето. Вашето е посебно за одбележување, многу јак квалитетен тим кој нуди многу квалитетни решенија, но и на тие квалитетни решенија имаме одредени забелешки.

Според тоа како еден од предлагачите на оваа група на амандмани од пратеничката група на ВМРО-Народна партија сметам дека треба да дадам и сопствено и соодветно видување на она што денеска вие го нудите, конкретно на членот 18 став 3 кој го имате пред вас и се надевам министерке ќе најдете за сходно да ни одговорите, наместо да реплицираат пратениците на СДСМ, иако тоа е добра работа, овде да се конфронтираме, овде да разговараме, да разменуваме мислења, ставови и на крај да излеземе сите задоволни, а не при договорена работа да не ставате во ситуација ние да си зборуваме, вие да си изгласате. Многу неубаво делува, многу лошо делува и сметам дека со таквата практика треба да прекинете и на сето она што значи предизвик, барем за вас, во нашите говори да се јавите од говорница, или ако милувате од лице место да ни одговорите нанекои прашања на нас лаиците по право.

Амандманот кој го нуди пратеничката група на ВМРО-Народна партија е многу едноставен, но за жал секогаш претставува тешкотија за луѓето од Владата да спроведат одредени законски материи. А тоа вели вака, значи бараме промена во членот 19 став 2 за да се додаде нов став 3, кој вели:"членовите на изборните органи.."знаеме кои се, впрочем знаеме сите кои се и знаеме кои се, пак ќе се оди со некоја позиривна селекција , такво чувство имам јас, затоа што сите тие кои ќе бидат делегирани, за жал грото се припадници на позицијата, ретко ќе најдеме меѓу нив не опозиционо расположени, луѓе неутрални кои не припаѓаат на ниедна политичка опција, туку луѓе кои си ја вршат прфесионално работата. Додека не стигнеме до тој степен, а ќе ни треба низа на години тоа е за жал рецидив од минатото, тогаш, значи во некое идно време ќе можеме конкретно , отворено и јасно и при чиста совест и свест да кажеме да господа луѓето се деполитизирани и можеме да сметаме дека навистина ќе ги спроведат изборите фер и демократски, онака како што и вчера беше нагласено во изјавата на првиот човек на НАТО, кој на шала, на смеа ви кажа дека 110% треба да бидат фер изборите, па Бучковски му одговори дека тоа не е возможно, дека тоа е чудо, но на шала на смеа ви го кажа тоа. Тоа е јасен сигнал до вас.

Јас и вчера ви кажав главната кривица ако се случат некои неправилности ќе падне на вас затоа што ќе се бараат жртви. Тоа однапред ви кажувам.

Како течат работите имајќи долгогодишно искуство и во политиката и овде ќе мора да се

најде жртва. Штета е да паднете жртва на една непринципиелна работа. Затоа сакаме да ви помогнеме. Сето она што ќе се уреди со закон да се спроведе и сите ние како партиципиенти во тој" демократски процес", иако никогаш не се случиле такви процеси кај нас, ќе се спроведат во една навистина фер клима.

Во контекст на овој амандман зошто бараме работите да се уредат со закон, а не со правилник, ќе се префрлам на членот 31 точка 19 кој на некој начин е врзан едно со друго и вели :"се носи правилник со кој се утврдуваат критериумите на начинот и постапката за избор на претседател, негов заменик итн, "," трла баба лан" и членовите на изборните органи. Ние нудиме едно многу логично решение а тоа е закон кој вие треба да го подготвите, да го прepратитре до ова Собрание, да дадеме наше сопствено видување, да се донесе тој закон и вие да спиете мирно и ние да имаме чиста совест дека она што сме го гласале е во ред. Вака, неприфајќајќи барем досега од овие 8 амандмани ни еден , а не верувам и дека некој ќе прифатите, што е во прашање не знам, дали се работи за каприц, дали се работи за наше незнаење, дали е нешто договорено не можам да кажам, но ме чуди една друга работа која не се однесува на вас што вчера и денес и најверојатно во идните денови само ние пратениците од ВМРО-Народна партија ќе си лаеме од собраниската говорница а сите други мудро ќе молчат.

Значи, сакам да ги повикам сите чинители во Собранието, во највисокиот законодавен дом и единствен да се вклучат во оваа расправа се со една цел. Сето она што ќе го направиме да го направиме заедно за да немаме меѓусебни обвинувања од типот кој ги пласираат одредени политички партии и одредени политички, т.н. лидери дека ако не се прифати ова изборите ќе бидат лажирани. Таква работа не држи господа. Подлегнавте на таквите притисоци, но тоа значи ваша неумешност на водење на политика.

Јас знам дека и странците ве притискаат, знам и дека ве кодошат. Ова ви се врќа, затоа што кога ние бевме на власт вие не кодошевте нас пред странците во еден тежок период. Затоа говорам што е оваа чудна македонска проклетија која се случува меѓу нас. Сето ова е во контекст на амандманот кој го носам.

Значи, законот е над Правилникот и тука ќе се нема дилема доколку се донесе едно вакво законско решение, кое не се сомневам дека со групацијата на правници која ја имате во Министерството можете да го направите ако не за еден, за два дена. Ќе земете примери од околните балкански држави, па и не мора од балканските, од европските држави. Имате милион примери, земете, ако е добар препишете, дајте го овде на расправа, сепак сметам дека овде е местото за расправа, да се донесе тој закон и да стане составен дел на членот 19 како став 3.

За да се нема сомнеж во сета оваа работа треба да покажете дух на добра волја. Подобро кажано кооперативност со нас пратениците кои колку толку вложивме труд во оваа работа и во оваа маерија, а и ова е труд што го работиме овде. Не може некој да рече дека парите ги земаме туку така, некој си ги заработил, некој не си ги заработува но говорницата служи за говорење и за искажување јавно мислење и за полемизирање и меѓу пратениците и преставниците на извршната власт.

Значи и покрај заложбите на ОБСЕ кои многу пати овде ги споменувате ако ви е во интерес, ОБСЕ притискал, барале вакви решенија, правеле ова, тоа, не знам што се говорите, јас не сум контактирал со нив и немам некоја посебна желба затоа што знам со кој тип на луѓе имате работа, се ми е јасно. Значи, кога е во интерес ваш, ваш кога велам говорам партиски, претпоставувам дека и државничкиот интерес треба така да го браните, па да се повикувате на ОБСЕ на разно разни европски форуми, разно разни типови кои ни шетаат низ државата претставници на разноразни владини и невладини организации, но во случајот препораките на ОБСЕ се повеќе од јасни. А и во првиот дел од расправата овде ако не се лажам и во вашето излагање кога говоревме за првата фаза на овој изборен законик на два-три пати го спомнавте ОБСЕ. Можеби грешам, не ми земајте здраво за готово, не можам се да запамтам,во случајов не ги почитувате препораките на ОБСЕ. Значи, работите по народната "кога ви одговара ги повикувате, кога не ви одговара. . . " како воопшто да нема препораки.

После сето ова што се случува и вчера и денес, вклучително и со овој амандман, а претпоставувам каков ќе биде крајот, крајот ќе биде лош. Лош ќе биде во смисла што кај мене барем ќе остане сомнеж дека се работи нешто задкулисно, дека се работи нешто зад врата и дека намерите на овој законик не се чесни, туку се правени за две политички партии. Таков впечаток добивам јас, а колку сум во право ќе покаже времето, ќе покаже и практиката од спроведување на овој закон и повикувањето дека носиме европски законик, да, носиме "европски законик", но со балкански смер, уште пострашно со балкански менталитет. Тоа е код кој треба да се брише, да се извади тој балкански чип, да се вгради европски и апсолутно се доведува во прашање дали овие избори ќе бидат фер и демократски. Јас лично се сомневам и мислам дека не само што нема да бидат фер и демократски, туку дека ќе бидат и лажирани. Ако некој може тоа јавно да го говори на прес-конференции секојдневно, имам право јас господо минситер да се сомневам и да го кажам сопственото мислење. Имено, се сомневам од едноставна причина, затоа што и покрај нашите логични образложенија, барем за нас логични, немате слух да прифатите ништо. Вчера вашиот заменик, денес вие овде присуствувате и знам дека ви е тешко, можам да ве разберам, но тоа е

позицијата која ја имате вие. Позицијата која ја имаме ние е говрницата овде, можеме да водиме битка, а ваше е да кажете дали ќе прифатите или не со или без образложение. Но без образложение и бланко кога ќе се одбијат работите е многу лошо.

Во овој контекст, да ја спомнам и онаа квота на застапеност од 20% на припадници на етнички заедници или полова припадност, но притоа со сето почитување кон жените и мајките, и мајка ми е жена, значи ги почитувам сите жени, за да не му текне на некого да ми реплицира дека сум ги нападнал жените. Имам страшно почитување кон нив, тоа е посебна приаказна. Тој ќе биде невиден галиматијас, од кој не знам како ќе се извлечете. Зошто се носат такви решенија, дали повторно под притисок, не знам што се прави, но некои работи се навистина нелогични, едноставно кажано не држат вода, а тоа значи во оваа чаша ако е дупната колку и да ставате вода, таа ќе истекува. Не држат вода овие работи, кои овде ги имате наброено. За да биде работата уште потрагична, ние овде говориме, вие мудро молчите и работиве ми наликуваат - вие зборувајте си, а Мишко ќе вози. Навистиан не ставате во една чудна позиција, во една неблагодарна позиција, не гледате само, дали нас не гледате или гледате нешто попреку, не е битно, но некако не ми реагирате. И повторно ќе кажам, сето ова што се случува се донесува односно ќе се донесе закон под сомнеж. Барем лично ќе се сомневам, имајќи предвид едно големо искуство на низа неправилности, работиве мора да ги решаваме министерке со закони. Закони кои ќе бидат обврзувачки, ќе бидат јасни и децидни, ќе се знаат правилата на игра. За да не ни се случи истото како кога го прашале Сталин "лошо стоиме на кутиите, гласаат против вас", им одговорил вака: "не се битни гласачите, битни се бројачите" и го испратил, терај си работа. Значи не се работи за политички маркетинг овде, се работи за наша добра волја. Ако не е пратеничката група на ВМРО-Народна партија, ќе нема кој да говори, ќе нема на кого да му одговорите и ќе си седите таму на клупите, ќе го поминете законикот за 3-4 часа, што не е добро. Значи правиме една целокупна анализа, да не кажам ренген снимка на она што го нудите како добро и лошо решение. Сакам да кажам дека ова не е упатство за куќен ред, ова е предлог што го нудиме ние, треба да бидат закони кои ќе се почитуваат или не е упатство, извинете на изразот, во Грција во јавните ВЦ-а има еден натпис хартијата да не се фрла во тоалетната шолја. И тоа е упатство, или правилник на однесување. Да, не е смешна работата, многу е сериозна. Значи, издигнете се над сето она што значи партиско и она што значи договорено, притоа консултирајте се со вашиот шеф, ако ви даде "пас" да ја терате работата, терајте ја, прифатете нешто од нас, немојте да бидете шкрти на зборови, туку излезете, кажете, дајте да исполемизираме, да размениме мислења и да научиме нешто од вас. Сепак сте еминентни луѓе, еминентни правници, а претпоставувам дека не сте случајно во тоа минситерство. Значи, да се издигнеме над нашите теснопартиски интереси, една вообичаена флоскула која на сите пресконференции и овде на говорница ја користат, и ќе ви кажам просто македонски за да може да ме разбере секој, а ако сакаме да се стремиме кон Европа сигналот е пратен. Вчера говорев за мостот на Бруклин, сега се повеќе добивам впечаток дека сме пред прагот на една голема провалија која прашање дали и со коњ можеме да ја прескокнеме. Македонија е центар на Балканот, колевка на многу цивилизации, ние сме умен и паметен народ, бистар и луциден народ сме, знаеме да работиме, освен една маана која ја имаме, а тоа е неединството кое го градиме. И по овие работи се гледа неединство по битни и круцијални работи. Многу ќе значат за иднината на Република Македонија и госпоѓо министерке, да не заличиме на Руанда, Зимбабве, ЗАИР или не знам која африканска држава, апелирам ако не овој амандман, прифатете некои амандмани кои ќе значат квалитет повеќе во овој изборен законик. Ако не поминат нашите амандмани, можам да го протолкувам само како правилник за избори, а не изборен законик. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Пред нас е амандманот предложен од ВМРО-Народна партија, со кој бараме членовите на изборните органи и нивните заменици да се избираат врз основа на критериуми и постапка утврдена со посебен закон. Тоа можеле да се случи и со овој закон, со овој изборен законик, затоа што не може со членот 19 ставот 2 на кого ние го поднесуваме овој амандман да се гледа изолирано во однос на останатите членови од изборниот законик кои го регулираат составот на избирачките одбори. Тука ќе го споменам оној упад од амандман на Владата со членот 192-а, понатаму ќе го споменам членот 18 од изборниот законик, членот 21 од изборниот законик, членот 32 од изборниот законик. Согласно предложениот текст на изборниот законик, Министерството за правда бара со акт од страна на Државната изборна комисија да биде утврден начинот и критериумите за избор на членови на изборните органи.

Со овој амандман предложен од Владата, со членот 192, врз основа на договор или постапка од страна на премиерот Бучковски под притисоците на ВМРО-ДПМНЕ се преформулира составот на изборните органи и тројца членови се избираат од државната администрација, всушност, да бидам прецизна, претседателот и заменикот се избираат од страна на Државната, општинската и администрацијата на град Скопје,

двајца членови се избираат од јавната администрација и двајца членови се избираат од политичките партии и тоа едниот од партиите кои на последните парламентарни избори освоиле најголем број на гласови, а кои се на власт и еден член од политичката партија која на последните избори е во опозиција, но освоила најголем број на пратеници. Значи составот не може да биде покомплициран.

Во контекст на ова и овој амандман кој ние го предлагаме, се поставува следното прашање: со изборниот законик ќе утврдат мандат на членовите на изборната комисија и на избирачките одбори, членовите на општинската изборна комисија имаа мандат од 5 години, а членовите на избирачките одбори имаат мандат од 4 години. Со овој амандман кој го предложи Владата во членот 192 се поставува прашањето и на мандатот на членовите на изборните органи кои ќе бидат учесници во изборниот процес за првите наредни парламентарни избори. Дали за нив, за дел од нив ќе важи мандатот утврден во изборниот законик или ќе важат од наредните парламентарни избори, сите ќе се избираат како членови на изборни органи одделно. Тоа е многу симптоматично прашање затоа што не може да се уреди со акт на Државната изборна комисија, затоа што Владата направи упад во изборниот законик поднесувајки го амандманот на членот 192, со додавање нов член 192-а.

Понатаму, зошто го предлагаме овој амандман? Во членот 18, за кој вчера ВМРО-Народна партија имаше амандмани, однапред е утврдено кој се не може да биде член на изборен орган, значи лице осудувано за казниво дело поврзано со изборите, лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени нерпавилности поради кои е поништено гласањето. Понатмау, во општинска изборна комисија и во избирачки одбор како органи за спроведување на изборите не може да биде избран или именуван функционер на Владата, однсоно Собранието, не може да биде лице вработено во државната администрација во Минситерството за правда, во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Стручните служби. Во ставот 3 се вели дека лицето избрано за член, а го избираме по случаен избор и тоа треба да го направи Државната изборна комисија со посебен акт или со правилник, тоа лице избрано за член на изборен орган може да не ја прифати функцијата од здравствени или семејни причини, при што за изземање на членот одлучув аорганот кој го избира врз основа на приложената соодветна документација. Значи во старот имем ограничувачки норми кој се не може да биде член на изборен орган. Се прашувам дали Државната изборна комисија ќе ги има сите овие податоци, дали ќе биде способна да ги собере сите овие податоци и врз основа на нив и сите оние ограничувања кои постојат реално во изборниот законик ќе може да изготви соодветен правилник.

Од друга страна, согласно членот 32 од изборниот закон, Државната изборна комисија во рок од 3 дена откако претседателот на Собранието ќе ги распише изборите ќе поднесе барање до Агенцијата за државни службеници и надлежните органи за доставување податоци за вработените во државната и општинската админситрација и администрацијата на град Скопје, како и на јавната администрација, систематизирани по општини според адресата на нивното живеење. Сето ова ако се земе предвид, почитувани колеги и почитуван минситер за правда, укажува на фактот дека Државната изборна комисија според она што е наведено како 30 и кусур надлежности кои ги има, а тенденција се фер и демократски избори, не верувам дека ќе може да го постигне она што е предвидено и реално да го изврши случајниот избор. Зошто? Сметам дека со посебен закон треба да бидат уредени начинот и критериумите за избор, затоа што никаде во изборниот законик не видов дека овластените претставници на политичките партии би учествувале како набљудувачи во случајниот избор од страна на органите, дали тоа се однесува на Агенцијата за државни службеници или останатите органи. Значи никаде не е регулирано како ќе се изврши тој случаен избор, а сте можеле верувајте во овој изборен законик, за да не го предлагаме овој амандман со посебен закон, посебно да се уреди постапката, кога веќе се уредува со Законот за локални избори, изборот на претседателот на државата, изборот на пратеници и можело да се најде модел на вршење на случаен избор. Можеби намерата на Владата и била во основа таква по поминувањето на првата фаза, но по тој фамозен како што го нарекувам јас "Скопски договор", Владата направи упад со поднесвувањето на овој амандман на членот за додавање на нов член 192-а и ја сруши целата првобитна концепција, како што рече минситерот за правда, битно се измени концепцијата од првата до втората фаза.

И уште еден аргумент плус, за кој сметам јас лично и моите колеги пратеници од ВМРО-Народна партија дека е потребно да се регулираат сите овие критериуми или начинот на избор на членовите на изборните органи со посебен закон. Колегите и колешките пратеници укажуваа на учеството на жените, кои согласно членот 21 ставот 3 се вели дека во составот на изборните органи секој пол треба да биде застапен со најмалку 30%, а истото се однесува и за припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија со 20%. Тоа се дополнителни ограничувања на кои треба да се внимава при утврдувањето на или при случајниот избо рна членови на изборните органи. Значи критериумот и начинот, не верувам дека тоа може да го направи Државната изборна комисија и затоа сметам дека тоа се прави со посебен закон. Најбезболно би било ако би бил

во овој изборен законик, ама еве Министерството не предложило, оставајќи и на Државната изборна комисија сама да си го утврди тој правилник. Ќе има сугестии од сите заинтересирани страни и веројатно правилникот ќе биде изгласан така и во прва фаза ќе биде предложен.

Би сакала да се задржам на учеството на жените. Една од колешките го читаше претходно Извештајот на ОБСЕ за поранешна Југословенска Република Македонија за локалните избори.

Во овој извештај има посебна глава 11-Учество на жените во која се вели дека, дури е наведен посебниот случај во општинската изборна комисија во Пласница каде намерно одобрила два списока на кандидати за советници без жени претставници. Државната изборна комисија ги отповикала членовите на оваа општинска изборна комисија иако ваквото дејство, цитирам, "не е посебно одредено со закон".

Значи, она што е укажувањето на ОБСЕ, ако можеме така да го читаме меѓу редови, значи мора да има закон со кој би се уредило и начинот за избор на критериуми, за избор на членови на избирачките одбори, иако за учеството на жените со овој изборен законик е дадено така како што е предложено во членот 21 став 3.

Понатаму се вели дека набљудувањата покажаа дека во избирачките одбори во кои имало присуство на жени, шансите за појава на неправилности биле помали. Сметам дека ова е одлично укажување од страна на ОБСЕ, јас сум сигурна дека е така и од мое лично искуство, верувам и колешките кои биле непосредно учесници во изборниот процес, но сметам дека треба да биде надградено и учеството на жените да биде уште поголемо.

За да го постигнеме тоа би било пожелно сето тоа не да биде уредено со правилник од страна на државната изборна комисија, туку треба да биде уредено со посебен закон. Ако веќе ОБСЕ констатирало дека учеството на жените во изборните одбори и во општинските изборни комисии позитивно влијае на изборниот процес, има помалку неправилности, јас лично сметам дека тоа треба да биде уредено со посебен закон и да се надгради она што поминало на локалните избори, а кое се однесува на учеството на жените.

Значи, во секој случај комплицираноста на постапката во однос на случајниот избор на членовите на изборните органи од било кое ниво укажува на потребата тоа да биде уредено со закон и од тие причини барам од колегите од позицијата да го поддржат овој амандман предложен од ВМРО-Народна партија, а не да се сведуваме само на правилник на државната изборна комисија која за прв пат треба да биде на тест и да и олесниме едноставно работата да не се замара со тоа каков ќе биде критериумот и начинот за избор на сите изборни органи, да и ја олесниме работата да си има закони врз основа на законот таков и таков критериум, таков и таков начин е потребен за избор на членови на изборните органи.

Значи, уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да го поддржи амандманот на членот 19, поднесен од пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман од ВМРО-Народна партија е само еден од многуте што ги поднесовме за да придонесеме кон фер и демократски избори, но воедно и да го одбраниме европскиот концепт за изработка на изборен законик и европски концепт кој беше поддржан од најголем дел од експертите во нашата Република.

Меѓу другите, токму овој амандман е еден силен аргумент дека ние сакаме фер и демократски избори и дека сакаме истите да се одржат што е можно побрзо.

Предлогот на Владата т.е. предлогот произлезе од пазарот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ е само еден имплицитен аргумент преку кој не со голем напор се гледа намерата да се остави простор за не фер и недемократски избори или простор за одложување на изборите до есен и притоа да се користи како аргумент за тоа одложување.

Не можам да ве разберам како еден вака сложен процес на предлагање и избор на членови на избирачки одбори и комисии се остава да го спроведе државната изборна комисија со правилнк. Па, тоа не може лесно да се изведе ниту сега на мир кога имаме време, а како тоа ќе го изведе државната изборна комисија во еден временски теснец за да изборите се одржат на почетокот на јули и истовремено да бидат фер и демократски, не ми е јасно. Или тоа намерно го имате направено за да ги одложите изборите или уште сега ги имате скроено веќе сите комисии.

Ако навистина сакате фер и демократски избори кои би се одржале во јули и не сакате да оставите црни дамки на сомнеж, вие денеска, секако, ќе се согласите да се донесе закон со кој ќе се регулира изборот на избирачките одбори и општинските изборни комисии, а не таа работа да ја оставите на државната изборна комисија да се дави во проблеми или на крајот да извршува само некои партиски наредби.

Тоа што некој од власта тврди дека е непотребно да правиме закон, бидејќи и да го направиме законот овде во Парламентот, тој ќе бил изгласан како што сака мнозинството, зборува за нивното сфаќање на демократијата.

За нив е сеедно дали законите би се донесувале во Парламентот или државните институции ќе си прават правилници во четири ѕида. За нив народот не постои.По нивната логика веќе не ни треба Парламент, а можеби тоа е намерата што е можно повеќе да се дискредитираат

пратениците и омаловажува улогата на Парламентот.

Око не им трепнува јавно да зборуваат дека било да е тоа правилник изработен од државна изборна комисија или закон донесен во Парламентот ќе изгледа онака како што ќе каже веројатно најголемата партија или мнозинството. За аргументите никој не води грижа, никој не помислува дека кога законите се носат во Парламентот тоа значи и транспарентност и јавност, тоа значи народ, кога се носат по државните институции е непроверена работа, работа за која народот не знае.

Ова зборува дека јавноста и народот за нив претставуваат само една гласачка машина, а не субјекти за кои ги носиме токму овие закони.

(Во 13,40 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

На крај уште еднаш ќе повторам дека позицијата треба да гласа за овој амандман за да ја покаже својата волја за фер и демократски избори и истите да се одржат на почетокот на јули. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање).

(Пратениците бараат пауза за ручек).

Благодарам, еве ме замолија претседателот да го искористи своето право и да даде пауза.

Одиме на пауза за ручек, а потоа продолжуваме во 15,00 часот.

(Седницата прекина во 13,43 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,01 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Пратениците нека седнат на своите места.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 за амандманот, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Ѓорѓиевска.

Амандманот е на член 20 кој што гласи: во членот 20 по зборот "ако" зборот "претседателот" се брише.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Бидејќи овој амандман е во контекст односно е во функција на реализација на членот 2 точка 4 од изборниот законик а за кој што дискутиравме кога беше расправата по амандманот 3 претседателот и членовите на избирачките одбори, ние нема да се повторуваме со дискусиите, нема повторно да ги кажуваме истите аргументи бидејќи се работи за сосема идентичен амандман кој што се однесува на друг член, само ќе побараме од владеачкото мнозинство да ја потврди својата недоследност во однос на прифаќањето на департизацијата на изборните органи.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господа пратеници излезете и онака за три минути ќе мора да се враќате повторно. Ние имаме пленарна седница. Но, ако веќе излегувате тивко, за да можеме да обезбедиме услови за расправа.

Јас знам само дека имаме многу битен закон, тоа оставам на пратениците да го проценат, дали е битен, или не е битен.

Продолжете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Петтиот амандман кој што е предложен од нашата пратеничка група, а кој што е предмет на расправа сега е идентичен со третиот амандман за кој што веќе дискутиравме, а кој што се однесуваше на претседателот и членовите на изборните органи и на концептот за департизација и професионализација на изборните органи и разликата со концептот на политичка констрола во вршењето на функциите на изборните органи со учество на партиски претставници во нив. Бидејќи аргументите кои што се однесуваа на ова прашање ги искажавме во дискусијата која што беше по амандманот три, ние нема да дискутираме по овој амандман за да не ги повторуваме истите аргументи. Затоа што како што кажав не ни е целта да зборуваме само заради време и за да ја опструираме работата на овој Парламент, туку за да покажеме дека сме доследни на нашиот став да се донесе закон кој што ќе значи прифаќање на концептот за департизација и професионализација на изборните органи. Затоа ќе побарам само од владеачкото мнозинство да ја потврди својата недоследност со неизгласувањето на овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

И како што предвидував, сега ќе мораат пратеничките колешки да се вратат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Десетте минути течат за кворум.

Ве молам, пратеници, седнете на своите места.

Јас би ги замолил пратениците, денот има 24 часа. Работиме од 11,00 часот до 18,00 часот со пауза од 14,00 до 15,00 часот. Значи, сите активности без разлика на кој се однесува, може, ако некој стане порано да се заврши до 11,00 часот или ако некој сака покасно, после 18,00 часот. Инаку, вака ако се влечеме овој закон ќе трае подолго време да се донесе.

Бидејќи сега имаме доволно кворум, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме. Ако ни е важен законот.

62 пратеници гласале, 7 за амандманот, нема воздржани, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 4, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојановски повелете, имате збор.

**Блаже Стојановски:** Почитуван претседателе, почитувана министерка, почитувани колеги пратеници,

Амандманот 6, или 10-от по ред кој што го имате во редоследот на амандмани се однесува на член 21 каде што е регулиран принципот на соодветна и правична и полова застапеност во изборните органи.

Според овој член, при изборот на членовите на Државната изборна комисија се применува принципот на соодветна и правична застапеност. Потоа ставот 2 од овој член вели дека, при изборот на членовите на општинските изборни комисии и избирачките одбори во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните, припадници на другите заедници се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници. Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%. Ставот 4 вели дека за спроведување на ставовите 1,2 и 3, кои што ви ги цитирав претходно, од овој член, Државната изборна комисија донесува упатство. Овој предмет на нашиот амандман кој што беше ист со амандманот 4 или 8-от по ред, каде што предлагавме членовите на изборните органи и нивните заменици да се избираат врз основа на критериуми и во постапка за избор кои се утврдуваат со посебен закон. Проблемот на одразувањето на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници, застапеноста на секој пол со најмалку 30%, сметаме дека е прашање кое што треба да биде регулирано со закон а не со правилник или упатство на Државната изборна комисија. Бидејќи за сите овие работи дискутиравме и ги кажавме нашите аргументи, од дискутирањето по третиот амандман, односно по амандманот 4, сметам дека нема потреба повторно да се повторуваме и предлагам уште еднаш парламентарното мнозинство да ја потврди својата недоследност во градењето на довербата во изборните органи. Затоа ние нема да дискутираме по овој амандман, ќе почекаме да видиме како парламентарното мнозинство ќе ја потврди својата недоследност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате нешто да кажете?

Ајде реплика да чуеме.

**Зоран Томиќ:** Па, репликата ќе биде во контекст од она што го кажа Блаже Стојановски.

Нека го отвори членот 19 став 2 и образложението на репликата што му ја дадов по тој член, јасно ќе му биде зошто овој амандман не е прифатлив.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојановски, ветивте дека се искажавте, но имате една минута контра реплика. Повелете.

**Блаже Стојановски:** Господинот Томиќ нека го прочита стенограмот на одговорот на неговата реплика и ќе му биде јасно колку се недоследни во однос на примената на принципот на деполитизација на изборните органи.

**Љупчо Јордановски:** Во секој случај, бидејќи нема пријавени по амандманот ја заклучувам расправата.

Амандаснот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 52 гласале, 10 за амандманот, нема воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и 3, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Михајловски, повелете имате збор.

**Јордан Михајловски:** Благодарам почитуван претседателе , почитувана министерке,

Гледам дека тешко поминуваат амандманите, па затоа ќе се обидам да го појаснам овој амандман, доколку се разбереше суштината немаше да има таков одговор од Министерството за правда.

Измените што се предлагаат се насочени на допрецизирање на ставот 1 во делот на изборните органи низ членот 17, ги пропишал изборните органи, а во пракса да не се доведува во прашање во кој орган може или не може да се има овластен претставник. Се предлага дополнување на овој став, со што ќе се отстранат дилемите дали и во Државната изборна комисија ќе има овластени претставник. Растегливоста и непрецизноста на правото дадено на овластениот претставник да предупреди на неправилности во работата на изборните органи, не соодветствува со одредбата дека предупредувањата на неправилностите кои се содржани во записниците на изборните органи се основ за приговори и жалби и се еден од доказите за прекршување на Законикот. Правото се преиначува во облигаторно дејствие, со што се исполнува и пропишаното во Законикот за докази и во фазата на приговори и на жалби. Затоа, сметавме дека овој е суштински едноставен амандман, меѓутоа тоа е.

Ги повикувам пратениците да го поддржат амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени повеќе за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата пред да пристапиме кон гласање.

Во салата сега се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Од 61 присутен пратеник, 58 гласале, 12 за амандманот, нема воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 2 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 2 за став 3 и за додавање нов став 3-а по ставот 3, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Има збор министерот за правда, да се изјасни по овој амандман.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Михајловски, имате збор.

**Јордан Михајловски:** Знам дека не се прифаќа амандманот, меѓутоа сакам да ја кажам суштината на самиот предлог. Амандманот се предлага, заради можното целосно блокирање на работата на Државната изборна комисија, што никој не сака да се случи, предложеното решение еден член од Државната изборна комисија да се избере за заменик на претседателот подразбира дека тој член едновремено да е и член и заменик претседател. Но, во случај на отсуство на претседателот во текот на изборната постапка само по себе се наметнува прашањето како Државната изборна комисија ќе одлучува со 6 члена, од кои 1 член ќе биде заменик на претседателот што е нон-сенс. Можното отсуство по било кој основ и е можно и непредвидливо, а со предложеното решение во амандманот се одбегнува можната блокада на работата на Државната изборна комисија. Во поткрепа на амандманите е одредбата од член 23 став 1, каде е пропишано дека одлуките на изборните органи се донесуваат со мнозинство на гласови, а предлагањето на непарен број на состав на изборните органи, исто така, е во функција органот да може да одлучува. Притоа, познато е дека во одлучувањето на изборните органи, произнесувањето може да биде позитивно и негативно. Заменик претседателот ќе биде вклучен во целиот тек на изборната постапка, а за тоа ќе добие и соодветен надоместок. Замениците на членовите ќе ги заменуваат отсутните членови, а прашањата за работата и одлучувањата на Државната изборна комисија ќе се уреди со Деловник, кој Државната изборна

комисија ќе го донесе на седниците на почетокот на својата работа. Не знам тука што не е јасно, меѓутоа гледам дека не е јасно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Костадинова, повелете

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Јас сакав накратко да се произнесам зошто не би требало да се прифати овој амандман, поднесен на член 26 за менување на став 2, потоа менување на дел од став 3, додавање на нов став 3-а. Моето мислење е дека тој амандман не треба да се прифати од следните причини, односно со тоа што се предлага претседателот и членовите на Државната изборна комисија да имаат заменици, се прашувам зошто во услови кога Државната изборна комисија има професионален ангажман се потребни заменици, волонтери кои што ќе се повикуваат по потреба. Исто така, кога се ангажираат тие други лица волонтери за членови на Државната изборна комисија, треба да се регулира и нивниот статус односно како тие ќе се ангажираат, кој ќе ги ангажира, како и колку ќе бидат наградувани за својот ангажман и ред други прашања што се отвораат ако се прифати решението што се нуди со овој амандман. По мое мислење ова решение што се предлага е понесоодветно, понеекономично, покомплицирано од решението што е дадено во Предлогот на изборниот Законик. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор по амандманот.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 55 гласале, 9 гласале за, нема воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 за менување на алинеа 2, алинеа 3, за бришење на став 4 за додавање нов став 6-а по ставот 6, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Знам дека нема да се прифати и овој амандман, меѓутоа, амандманот се предлага да се допрецизира ставот 1. Бришењето на став 4 е поради сообразеноста и нелогичноста предложена во ставот 4 со ставовите 1, 2,3 и 5. Се предлага Државната изборна комисија да се избира со оглас објавен во дневниот печат и се пропишуваат услови кои мора да ги исполнат кандидатите. Се определува дека Собранието по предлог на Комисијата ќе одлучува по предлог-листа, а едновремено се вметнува одредбата со која сето предложено со член 27 се анулира со давањето на генералното право на еден што ќе предложи, а Собранието односно Комисијата  се должни да ги предложат односно изберат претседателот на Државната изборна комисија и неговиот заменик.

Во контекст на амандманот е потребно да се споменат и членовите 23 и 32 од Уставот на Република Македонија, во кои се вели дека "секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции и секому под еднакви услови му е достапно секое работно место. Извршувањето на функциите во Државната изборна комисија мора да биде неспоиво со членување во политичка партија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Очекував дека предлагачот ќе објасни нешто повеќе во контекст на поддршка на овој амандман и мислам дека можеби делови од него повеќе се номотехнички и требаше да се договорат овој амандман да биде прифатен затоа што алинеата 2 која што се менува и гласи во ова што ние го имаме пред нас како предлог на Министерството за правда , да има високо образование и најмалку 8 години работно искуство во правната област, политичкиот и изборниот систем, мислам дека се дава една попрецизна дефиниција, високо образование, правен факултет со најмалку 8 години работно искуство во правната област, во која што се зема законодавството, политички и изборен систем. И, тука апсолутно не гледам никаква причина да не се прифати.

Алинејата 3, да не е член на орган на политичка партија, само се додава, во последните 4 години. Мислам дека тука ќе дојдат најголемите проблеми, затоа што цела концепција е променета и ќе бидат сите членови од некои органи на политички партии, по што сега ги предлагаат политичките партии и со ова го променивте концептот. Затоа, ова не стои.

Понатаму, ставот 4 се брише, но вие веќе донесовте и прифативте претходно амандмани, каде што се избираат и претседателот и потпретседателот и сметам дека овој дел, бидејќи веќе е прифатено едно друго решение, можеби еве од овој амандман би било исфрлено и покрај тоа што ставот 4 говори " од кандидатите на предлог-листата на политички партии во опозицијата , предлагаат претседателот на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаа негов заменик. Јас, како што кажав предмалку, кога ќе дојдеме во ситуација да

разговараме за партиите од опозицијата, за партиите од власта мислам дека ќе имаме голем проблем и тој дел од изборот на Државната изборна комисија во старт го правиме да не биде како што треба. Затоа, еве вие веќе усвоивте два амандмани претходно, но сигурно дека тие два идат секогаш од позицијата.

Од опозицијата ќе биде многу тешко. И последното, она што треба да се додаде после ставот 6, на претседателот и на членовите на Државната изборна комисија од денот на изборот, работниот однос им мирува. Предлогот беше извршувањето на функцијата на претседател, член на Државна изборна комисија и на нивните заменици е неспоиво со членување во политичка партија.

Мислам дека, апсолутно, не би го оптоварило законот, или пак, доколку мислите на овие избори, тогаш вашето видување е во ред, но ако говориме за изборен законик, апсолутно, не сте во право, што ги одбивате сите овие предлози кои што доаѓаат за членот 27.

Значи, пратеничката група на ВМРО Народна партија, ќе го подржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Не знам, господинот Стојаноски има збор, може ќе каже обратно, нема да го поддржи.

Повелете господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Овој амандман е во контекст со нашиот амандман 7, каде што се вели дека Собранието со двотретинско мнозинство, треба да ја избере Државната изборна комисија. Значи, без таа суштинска измена, без тоа решение, овој амандман би се свел само на шминкање на овој член, затоа што во постојниот предлог од Владата, единствена разлика која што ја има овој амандман, е во однос на членувањето во орган на политичка партија, каде што измената е да не биде во сите 15 години station наназад, туку во последните 4 години и во однос на додавањето на ставот 6-а, после ставот 6, да се види дека извршувањето на функцијата, претседател и член на Државна изборна комисија и на нивни заменици е неспоиво со членување во политичка партија.

Значи, ако е неспоиво со членување во политичка партија, јас тогаш не гледам никаква причина воопшто да остане она што претставува не е член на орган на политичка партија, затоа што членвувањето во орган на политичка партија, претпоставува и да биде член на таа политичка партија. Инаку како би било.

Затоа, сметам дека ова решение кое што се наведува е во контеscт на создавање на департизирана Државна изборна комисија.

Меѓутоа, без создавање на доверба од страна на двотретинско мнозинство од овој Парламент е без целосна департизација во однос на членство во политичка партија, значи бришење на алинеа 3 од ставот 1 на овој член, дефинитивно мислам дека нема да се постигне целта која што сака да се постигне, иако сметам дека намерите на предлагачите на овој амандман се добри. Се надевам дека со прифаќањето на нашиот амандман, наредниот амандман кој што има навистина, суштинско значење за овие избори ќе значи дефинитивно покажување на волја за усогласување или градење на доверба во Државната изборна комисија, со оглед на сите надлежности кои што таа ги има со овој закон, а што се многу поголеми во однос на оние надлежности што ги имаше во сите претходни избори, а тоа е со овој закон станува врховен изборен орган, со право да разрешува членови, да укинува одлуки и се надевам, доколку бидат прифатени и други од нашите амандмани да одлучува во прв степен за преговорите на учесниците во изборите, со цел таа процедура навистина, да биде под контрола и спроведена од тело со изградена доверба, од страна на најголемото можно мнозинство што може да го има овој Парламент, а тоа е двотретинското мнозинство.

Меѓутоа, за тоа ќе зборувме во наредниот амандман. Сметам дека ова е во таа насока. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи ќе зборуваме во наредниот амандман, се надевам дека ќе бидеме пократки.

Господине Апостоловски повелете.

**Никола Апостоловски:** Господине претседателе, јас сакам да го коментирам амандманот од предлагачите, кој што се однесува на алинеа 3, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "во последните четири години", по што, точката 3 би гласела: "да не е член на орган на политичка партија во последните 4 години".

Очигледно, предлагачите сакаат со овој амандман да ги обединат своите членови, да бидат членови на Државна изборна комисија и во составот на Државната изборна комисија да имаат млади, искусни и новокомпонирани претседатели на политички партии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михаљовски, дали се јавувате за реплика?

**Јордан Михајловски:** За реплика.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Јордан Михајловски:** Јас давам реплика на колегата Апостоловски.

Мислам дека на многу невкусен начин ги искажа забелешките. Ваму велиме да бидат деполитизирани, а ваму велиме да бидат новокомпонирани. Не знам што е целта. Значи, ја брани тезата за политизација.

Тоа што зборуваше може да се сведе едноставно, на редукција од апсурдн.

**Љупчо Јордановски:** Една минута имате господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам претседателе, па редукција од апсурдно е и да се додаде после 4 години и да има многу патнички возила.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за расправа, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеника, 52 гласале, 7 за, нема воздржани, 45 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Караџоски, повелете процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, со оглед на тоа дека доаѓа еден амандман, кој го сметаме за суштински, и заради дополнителни консултации и заради разговори со останатите координатори на пратеничките групи, бараме од името на пратеничката група еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Пауза до 16,45 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,44 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во Собранието.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Отворам расправа по член 27 став 5 , поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од Предлогот на текстот на закот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 5 и на член 28 став 1, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 29, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам министерот да се изјасни по овој амандман.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа,

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Михајловски на време стигнавте, повелете.

**Јордан Михајловски:** Момент претседателе, само што блегов.

Амандманот се предлага поради тоа што овој член не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Ако, според Уставот на Република Македонија е пропишано еднаквост кон законот на сите оние кои бараат работа и јавните функции треба да бидат третирани под истиот тој услов. Што значи во конкретниот услов се преферира политичките партии, едната, после предлогот на Претседателот на државата, едната да го предложи претседателот на Комисијата, другата да го предложи заменик претседателот, односно позицијата и опозицијата.

Тогаш, која е суштината на овој амандман, вака како што е даден во изборниот закон? Што значи спротивно е на Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот .

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да гласаме по амандманот.

( Пратеници влегуваат во салата)

Во салаата се присутни 52 пратеници.Ги молам пратениците да влезат во салата.

Можам само да навестам дека работиме до 17,15 часот бидејќи пратеничката група на Народната партија после тоа ќе побара пауза и нема смисла понатаму. Затоа сакам да ве известам дека ќе работиме до 17,15 часот.Затоа ги молам сите пратеници да влезат во салата. Имаме уште половона час работа.

(Реакции од место)

Имаат активности и јас тоа го почитувам како што го почитувам за секоја друга партија.Јас ќе ја прекинам седницата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Сега се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 54 гласале, 10 за, нема воздежани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 алинеи 2, 6 ,8, 17 и 45 за додавање нова алинеа 34-а по алинеата 34, на став 3 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Михајловски, повелете.

**Јордан Михајловски:** Во својата суштина амандманот ги допрецизира надлежностите на Државната изборна комисија во однос на контролата на спроведување на упатствата, појаснувањата и препораките како и едукацијата односно успешноста на едукацијата со полагање, а со тоа и стекнување на уверение за успешно совладана едукација. Тука не гледам ништо спорно.

Многу значајно е што овој амандман има и друга функција што Државната изборна комисија ја потврдува обврската на Државната изборна комисија која мора да се изјасни и да изврши контрола на гласачките места каде се пријавени неправилности при гласањето со што не би се оставило Државната изборна комисија, по свое наоѓање да одлучува дали ќе изврши или нема да изврши контрола.

Државната изборна комисија мора да ги известува овластените претставници за седниците и темите за кои ќе расправа. Ова обврска е содржана во член 25 од законикот. Донесувањето деловници за работа е потреба а таа потреба е во надлежност на Државната изборна комисија која донесените деловници ќе ги усогласи. Со тоа ќе се воедначи работата насите изборни органи.

Државната изборна комисија , во Законот за државните службеници кој се изменува и дополнува согласно законикот, во член 4 се предвидува дека Државната изборна комисија дава иницијатива за покренување и на дисциплинска постапка.

Тоа е кусото образложение по амандманот кој бараме да биде подржан.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојаноски повелете, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Овој амандман, предложен од Новата социјалдемократска партија се однесува на проблемот на едукации или обука на членовите на изборните органи, што претставува една од препораките што ги добивме од страна на Набљудувачката мисија на ОБСЕ и претставува обврска што Владата, преку предлогот што го даде во овој закон се обиде да го инкорпорира, меѓутоа, на еден задолжителен начин.

Она што беше кажано во однос на изборот на членови на на изборните органи, а тоа е пред се одфрлањето на предлогот од наша страна, значи од страна на ВРМО Народна партија да еден од условите за некој да биде член во избирачки одбор биде и уверение за завршена обука. Овде е разработено како тоа би се спровело и предвиден е испит или полагање за спроведената обука или запознавањето на изборното законодавство и сите оние други дејствија што треба да бидат преземени за време на изборната постапка. Особено кога зборувам во контекст на правилниците што треба да бидат донесени од страна на Државната изборна комисија што се однесуваат на постапувањето на полицијата и на другите органи во овој процес.

Во членот 31 се зборува на кој начин Државната изборна комисија треба да се грижи за законитост во подготовката и спроведувањето на изборите, во согласност со овој закон и на кој начин треба да врши надзор над работата на изборните органи.

Тоа значи, надлежноста, Државната изборна комисија да ја контролира законитоста во работата на изборните органи и презема мерки кога е констатирана повреда на законитоста во постапката, директно е поврзано со можноста или задолжителната надлежност, да може да врши контрола над спроведувањето на гласањето на самите избирачки места. Ова, впрочем, беше едно од решенијата во овој закон. Внесено е како можност Државната изборна комисија да може да се испрати свој претставник на оние избирачки места каде се согледани нарушување на изборите, значи на спроведувањето на изборите.

Меѓутоа, она што сакавме да го истакнеме и она што и преку овој амандман може да се инкорпорира во законот е тоа да се одвои самиот избор на кандидатите од именувањето и разрешувањето потоа на кандидатите кои треба да бидат членови на изборните органи. Целта на ова е во однос на остварувањето на условите за неспоивост на член на изборен орган, односно не можност да станат членови на изборен орган лица кои учествувале во неправилности на претходните гласања на избирачките места, лица кои се осудени за казниви дела поврзани со изборите и на тој начин да може да се направи, да се спроведе една процедура што треба да биде помеѓу изборот и именувањето на членовите, пред се на избирачките одбори, меѓутоа тоа секако треба да се однесува и на општинската изборна комисија, па и на Државната изборна комисија пред доставувањето на предлози во овој парламент.

Затоа сметам дека ова што се предлага во контекст на задолжителна едукација, треба да биде спроведено во тој период, во периодот на спроведување на таа процедура и на тој начин да м оже со една обврска, што со овој закон треба да биде дадена на Државната изборна комисија, да се реализира целта за едуцирани членови на изборни органи, за потоа да не се доведува воситуација Државната изборна комисија за општинските изборни комсии или општинските изборни комисии за избирачките одбори да треба да носат одлуки за разрешување на членови на изборен орган поради согледувањата што треба потоа да ги имаат, а кои што би можеле да се однесуват на непознавање на изборното право и воопшто на неможност да ја спроведуваат изборната регулатива во пракса.

Затоа сметам дека овој амандман е прифатлив и дека треба да биде прифатен и од страна на предлагачот на овој закон.

Не сакам да должам, уште еднаш ќе истакнам нашата цел не е да ја опструираме работата на овој Парламент, меѓутоа, сакаме на еден аргументиран начин, со аргументи да покажеме дека нашата цел е изградба на доверба во изборните органи и одстранување на сите можности за прекршување на законите од страна на изборните органи што, секако влијаат и во контекст на едуцираноста на членовите на изборните органи што ќе може да се спроведе преку една одредба што ќе претставува обврска за Државната изборна комисија за таков вид на едукација, заедно со полагањето на испит, или како би се нарекло, познавање на ова изборно право.

Затоа, ние како ВМРО Народна партија ќе го поддржиме овој амандман предложен од пратениците на Новата социјалдемократска партија и се надевам дека овие аргументи што ги истакнав ќе допрати до вас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да гласаме по амандманот.

Во салата се присутни 54 пратеници.

(Пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Сега сме присутни 62 пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 59 гласале, 6 за амандманот, нема воздржани, 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот).